# З А П И С Н И К

## од 29-тата редовна седница на Советот на Општина Валандово
## одржана на ден 28.12.2023 година

Седницата се одржа во салата за седници на Советот на Општина Валандово со почеток во 12.00 часот.

Со седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Валандово, Владимир Марков.

На седницата присутни беа 14 советници, Градоначалникот на Општината г-дин Перо Костадинов и претставници од општинската администрација. Отсутен беше советникот Владимир Василев .

Седницата се снимаше од Радио Валандово и се пренесуваше во живо.

За 29 тата редовна седница беше предложен следниот:

Д Н Е В Е Н  Р Е Д

1. Предлог - Буџет на Општина Валандово за 2024 година;
2. Предлог - Одлука за извршување на Буџетот на Општина Валандово за 2024 година;
3. Предлог - Буџетски календар за 2024 година;
4. Предлог - Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2024 година;
5. Финансиски план на ЈОУДГ ,,Калинка” Валандово за 2024 година;
6. Предлог - Програма за локален економски развој на Општина Валандово за 2024 година;
7. Предлог - Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Валандово за 2024 година;
8. Предлог- Програма за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2024 година;
9. Предлог - Програма за поставување на урбана опрема во Општина Валандово за 2024 година;
10. Предлог – Програма за изградба, реконструкција и одржување на локалните водоводи и фекални канализации во Општина Валандово во 2024 година;
11. Предлог – Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Валандово во 2024 година;
12. Предлог - Програма за одржување на јавната чистота во Општина Валандово за 2024 година;
13. Предлог - Програма за контрола на популацијата на бездомни кучиња на подрачјето на Општина Валандово за 2024 година;
14. Предлог - Програма за активности на Општина Валандово во областа на културата во 2024 година;
15. Предлог - Програма за активности на Општина Валандово во областа на социјалната заштита и заштитата на децата во 2024 година;
16. Предлог -Програма за млади на Општина Валандово за 2024 година;
17. Предлог – Програма за спорт на Општина Валандово за 2024 година;
18. Предлог - Програма за одбележување на значајни дати, настани и личности од поблиското и подалечното минато на македонскиот народ и општината во 2024 година;
19. Предлог - Програма за изградба и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Валандово за 2024 година;

20. Предлог – Програма за активностите на општина Валандово во областа на еднаквите можности на жените и мажите за 2024 година;
21. Предлог - Програма за работа на ТППЕ Валандово за 2024 година;
22. Предлог - Програма за работа и развој на Јавното претпријатије ,,Комунален сервис” Валандово за 2024 година;
23. Предлог – Одлука за пренесување на вршењето на комуналната дејност собирање и транспортирање на комуналниот отпад во населените места Казандол, Калково, Башибос и Кочули, Општина Валандово на ЈП „Комунален сервис” Валандово;
24. Предлог – Правилник за начинот на функционирање, наградите, надоместоците и другите трошоци на “Фолк Фест” Валандово 2024 година;
25. Предлог – Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општина Валандово.
26. - Предлог - Програма за изведување на екскурзии и други слободни активности во ООУ „Страшо Пинџур“ с.Јосифово, Валандово за учебната 2023/2024 година.

Беше отворена расправа по предложениот дневен ред.

Бидејќи никој не се јави истиот беше ставен на гласање и со 13 гласа ЗА 0 ПРОТИВ и 1 ВОЗДРЖАН беше усвоен.

Беше отворена расправа по записникот од 28 тата редовна седница на советот на Општина Валандово.

Никој не се јави за збор и истиот беше ставен на гласање и изгласан со: 13 гласа ЗА, 1 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

Се премина на работа по усвоениот дневен ред:

ТОЧКА 1

По Предлог - Буџет на Општина Валандово за 2024 година образложение даде градоначалникот на Општината Перо Костадинов.Тој во детали го образложи Предлог Буџетот на Општината за 2024 година и рече дека тој и оваа година изготвен е од одделението за финансии, но во него се вклучени предлози од граѓаните кои се приоизлезени од јавните повици и средби со граѓаните. Истакна дека и оваа година буџетот е инклузивен и солидарен и во најголем дел средствата собрани од граѓаните како даноци и надоместоци, повторно се враќаат кај граѓаните по разни основи.

Беше отворена расправа.

За збор се јави Тоше Тодоров.Тој даде свое видување на Буџетот и даде образложение зошто советничката група на ВМРО ДПМНЕ нема да го гласа. Рече дека не може да биде дел и да оправдува Буџет каде ќе се трошат јавни пари за проекти како што се на пример тоа што сега е најактуелно за новогодишно украсување во износ од 20 000 евра. Рече дека тоа се многу средства за мала општина како нашата, гледајќи ги соседните општини кои се поголеми и финансиски помоќни, а имаат издвоено значително помалку средства. Рече дека нема да бидат дел кој гласа за проекти како што се парк шума, изградба на патеки, поставување на клупи и сака

да каже дека не го одобрува донесувањето на ваков буџет. Подобро е да се искористат средствата за набавка на некои потреби за функционирање на Општината, и рече дека смета дека асфалтирањето на улица не е капитална инвестиција, туку е обврска на Општината и тоа треба да го знаат сите граѓани..

Градоначалникот се јави за реплика. Рече дека ова е шокантно тврдење на советникот Тоше Тодоров дека асфалтирање на улици не е капитална инвестиција и тој не знае дали советникот е свесен какво тврдење изнесе во неговата дискусија во овие 1-2 минути. Рече дека тој не знае на кој начин да се изрази, за да не биде обвинет од советничката група на ВМРО ДПМНЕ дека е ароганетен. Рече дека има целосно разбирање дури и за вакви измислици и ноторни невистини кои се искажуваат и имаат за цел да донесат политички поени. Повтори дека асфалтирање на улици е капитална инвестиција и жал му е што во Општината сеуште има неасфалтирани улици.Рече дека доколку Општина Валандово има поголем буџет истиот би го насочил кон асфалтирање на улици во населените места во кои нема, бидејќи има многу населени места во кои нема основна и базична инфраструктура. Рече дека ако тоа за нив не е капитална инвестиција за жителите на Казандол, Калково и Грчиште е капитална инвестиција и сите сакаме да уживаме во базична инфраструктура каква што треба. Рече дека не само изградбата на улици, туку и реконструкцијата на улици е капитална инвестиција и ако може сите средства би ги пренасочил за тоа. Инаку за исказот дека советничката група на ВМРО ДПМНЕ нема да гласа за буџет во кој јавните средства се трошат за новогодишно украсување, рече дека сами може да проверат колкав износ од буџетот освен за новогодишно украсување се наменети се за основна инфраструктура на општината. Рече дека од 2017 година досега само двапати имаше новогодишно украсување, бидејќи имаше Ковид и енергеска криза и ова сега е на барање на граѓните и затоа се доцни со постапката.Рече дека пред 2017 година целиот период Валандово беше украсувано за истата сума. А претходните 2 години Валандово беше украсено со 600 000 денари. Тоа се јавни податоци кои секој може да ги види. Рече дека ако сака да настапи политички ќе каже дека со тоа што нема да го гласаат Буџетот на Општината, нема да гласаат не само за новогодишно украсување, туку нема да гласа за нова детска градинка во Пирава, за пречистителна станица во Валандово, за реконструкција на кино салата во Валандово,за реставрација на централното градско подрачје во Валандово, за бесплатни детски градинки во Валандово.А парк шумата рече дека е еден од најпочитуваните проекти во кој најмногу се верува. Им рече дека може слободно да не гласаат, тоа е нивно право, а сите проекти што се прават се прават за граѓаните на Валандово. Во контекст на ова спомна дека во претходниот мандат кога се пушташе во употреба детската градинка во Брајковци, советничката група на ВМРО ДПМНЕ ја напушти седницата. Рече дека нема потреба од политиканство туку од конструктивност.

Тоше Тодоров се јави за контрареплика. Реќе дека се сложува дека секое населено место треба да има асфалтирани улици, но и тоа не е гаранција дека таму луѓето ќе живеат подобро.Рече дека во догледно време ќе има ревизија на сите договори , така да ќе се видат потребите од толкаво трошење на буџетски средства.Инаку рече дека не се против изградба и

реновирање на кино салата, против изградбата на централното градско подрачје, против изградба на колектор, проектите од кои имаат потреба граѓаните ги поддржува, но не можат се да поддржат.

Јулија Тушевска се јави за збор. Рече дека како што кажа градоначалникот факт е дека Предлог Буџетот содржи капитални инвестиции, како што е ренконструкција на кино салата, изградба на колекторски систем,кој е еден од најважните проблеми кои треба да се решат.Но таа се задржа на повикот распишан од Бирото за рамномерен регионален развој на кој Општина Валандово нема аплицирано за 2022 и 2023 година и нема добиено средства. Голем дел од населените места како Грчиште, Собри, Раброво немаат асфалтирани улици и канализација. Праша дали градоначалникот смета дека таму нема потреба да се инвестира и не треба да се побараат средства од Бирото за рамномерен регионален развој, дали дошле до момент кога немаат идеи и дали доволно општинската администрација си ја работи својата работа. Рече дека ќе го потсети градоначалникот за проектите кои беа застапени во неговата програма за 2023 година. Еден од нив беше да се направи затворен градски пазар за кој претходно даваше изјави дека не е функционален. За пешачката патека Пирава-Манастир Св. Ѓорѓи нема осветлување, стационарот за кучиња не е изграден, повеќенаменското игралиште во с. Собри не е со соодветни димензии, културните домови во другите населени места пропаѓаат. Од сето ова се гледа дека нема Локален економски развој во Општината. За проектот ,,Парк шума,, што се гради вели дека ќе биде место каде ќе одат луѓето, но дали возрасните, бидејќи луѓето ги нема, се иселуваат бидејќи немаат егзистенција. Рече дека ова не се популистички работи, популистички се изјавите дека јавните пари се враќаат кај граѓаните 6 месеци пред избори.

Градоначалникот се јави за реплика. Рече дека во моментот има многубројни и разни повици и Општина Валандово сама одлучува каде и на кој повик ќе аплицира. Изминатиот период има многу средства добиено од Бирото за рамномерен регионален развој, а во моментот проектната документација које е подготвена е за многу поголем износ и затоа не се аплицираше Инаку Општината ги користи сите повици кои се многубројни и аплицира секаде каде што смета дека е погодно. Но, наведе дека тоа е ,,Повик,, а не ,,Буџет на Општина Валандово за 2024 година,,. Просторот што го третира градското пазариште, спаѓа во централното градско подрачје коешто треба да има видоизменет лик. И рече дека подобро е да има нешто што ќе личи, отколку нешто што не е функционално во зимски услови. За пешачката патека рече дека веќе се реализира и поставено е осветлување но ќе биде во функција кога целосно ќе се заврши.Стационар за бездомни кучиње не е изграден, бидејќи новиот состав на градоначалници од Југоисточниот регион одлучија да се поништи се што е претходно направено и секоја општина сама да се справува со проблемот.За домовите на култура во населените места Удово и Јосифово веќе има проектна документација, но во комуникација со месното население се поставува прашањето дали вреди да се инвестира во нив и дали тие нема да завршат како домот во Балинци, кој само се користи за партиски активности.Помладите генерации бараат да се изгради нешто друго на тие локации, како спортски сали. И додаде дека сите улици во Општината се асфалтираат со сопствени средства на општината, освен улицата во Индустриската зона

Валандово и Моша Пијаде во Јосифово кои се со средства од Министерството  за транспорт и врски.Сите други улици се асфалтирани со пари на граѓаните и наредниот период ќе се асфалтираат улици во Казандол и Калково.

Јулија Тушевска се јави за контрареплика. Рече дека податоците од Бирото за рамномерен регионален развој се јавни и може да се проверат. Дека во Валандово има најмногу вложено средства тоа е нормално со оглед на тоа дека градоначалникот е потпреседател на СДСМ. Но таа рече дека Општина Валандово нема аплицирано  и добиено средства во 2022 и 2023 година, а проектите кои се реализираат ,,Пешачката патека од Манастир Св.Ѓорги до Исар Кулата ,, и од ,,Пирава до Манастирот Св.Ѓорѓи,,се добиени во 2021 година, а има доста голем временски период до завршување. Инаку рече дека културниот дом во Балинци е направен од претходниот градоначалник  и истиот е оставен да пропаѓа. И да сака да се одржи некоја манифестација во него, не е можно  бидејќи  нема столчиња, не е исчистен и иако е нова зграда, таа пропаѓа.Во културниот дом во Собри ставена е само една греда, а луѓето таму сакаа да се собираат на помени, но очигледно дека не се води сметка за тие луѓе од тие населени места.

Градоначалникот се јави за контрареплика. И сугерираше на советничката Јулија Тушевска дека не се наоѓа на партиско политичка дебата, ниту пред некоја кооперација и да не дискутира несоодветно и да ги манипулира граѓаните. Рече дека тој веќе не е сигурен дали таа ги манипулира или тие ја манипулираат неа. Ако е информирана правилно, ќе знаеше дека каскадниот систем во Горна Маала е со средства од Бирото за рамномерен регионален развој. Кога се спомнуваат партиските функции, рече дека добро е да се има што повеќе партиски функции и истите да се користат за повеќе средства во Валандово и да се подобри животот на граѓаните од Општина Валандово, но сега тоа не е тема и и забележа дека со ваква дискусија,, има се повеќе шанси за одлична политичка кариера,,.

Претседателот на Советот Владимир Марков зема збор.Рече тема на дневен ред е Буџет што ќе се реализира во наредната година, но најмалку се дискутира за тоа, а се дискутира за небитни теми.

Јулија Тушевска се јави  за контрареплика. Рече дека нема да дискутира како пред кооперација, но само ќе каже дека луѓето се паметни и памтат се и знаат што и како  е реализирано.

Градоначалникот се јави со контрареплика. Рече дека се согласува целосно со констатацијата на советничката Јулија Тушевска дека се што се прави  наредниот период било да се запази таа максима. Рече дека не смее да се шири омраза во локалната заедница, не смее да се манипулира еден со друг за ситно политички поени, бидејќи така се придонесува за Валандово какво не сакаме да биде. И додаде дека се додека тој има некаква можност и политичка моќ, ќе работи во интерес на граѓаните на Валандово, а ќе се бори ревносно кон такви обиди  за поделба и омраза, бидејќи мисли дека тоа време е завршено. Рече дека Советот не треба да се злоупотребува за политичко делување и  дека во моментот се дискутира за Буџет на Општина

Валандово за  кој имаше 2 месеци простор заеднички да се креира. Рече дека и посакува на колешката Јулија Тушевска  многу успеси во  намерите кои ги има, но истата таа максима  треба сама да ја почитува.

Претседателот на Советот Владимир Марков зема збор.Рече дека има впечаток дека се дискутира само со обвинувања и напади, а не слушна  никаква идеа за тоа што би требало да има во Буџетот, кој беше на увид на граѓаните и можеше да се предложи нешто конкретно наместо само да се  критикува. Рече дека овој Буџет нуди големи капитални проекти и ако не се гласа за него, не се гласа за колекторски  системво Валандово,водовод во Калково, улица во Калково, реконструкција на кино сала, реконструкција на спортска сала,многу други улици . Рече дека без разлика на нашите различности ги повика сите да го гласаат буџетот и со тоа же покажат дека заедно работат во интерес на граѓаните на општина Валандово и наредната година да биде поуспешна од оваа.

Немаше други пријавено за дискусија, па точката беше ставена на гласање и изгласана со 8 гласа ЗА, 6 ПРОТИВ 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 2

По Предлог - Одлука за извршување на Буџетот на Општина Валандово за 2024 година беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и точката беше ставена на гласање и изгласана со 13 гласа ЗА , 0 ПРОТИВ и 1 ВОЗДРЖАН.

ТОЧКА 3

По Предлог - Буџетскиот календар за 2024 година немаше пријавено за дискусија, па беше ставен на гласање и изгласан едногласно со 14 гласа ЗА.

ТОЧКА 4

По Предлог - Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2024 година немаше пријавено за дискусија, па беше ставена на гласање и изгласана едногласно изгласана со 14 гласа ЗА.

ТОЧКА 5

По Финансискиот  план на ЈОУДГ ,,Калинка" Валандово за 2024 година излагање имаше директорката на градинката Марија Тодорова Занова.

Беше отворена расправа. Никој не се јави за збор и точката беше ставена  на гласање и беше изгласана со 9 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ  и 5 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 6

По Предлог - Програма за локален економски развој на Општина Валандово за 2024 година

Беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и истата беше ставена на гласање и изгласана со 8 гласа ЗА ,0 ПРОТИВ и 6 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 7

По Предлог - Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Валандово за 2024 година образложение имаше раководителот на одделението за урбанизам Ѓоко Аврамски.

Беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и точката беше ставена на гласање и изгласана со 8 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 6 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 8

По Предлог- Програма за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2024 година повторно образложение имаше Ѓоко Аврамски.

Беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и точката беше ставена на гласање и изгласана со 8 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 6 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 9

По Предлог - Програмата за поставување на урбана опрема во Општина Валандово за 2024 година по трет пат Ѓоко Аврамски даде образложение.

Беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор.

Претседателот на Советот даде краток осврт за текот на седницата. Ги праша советниците од ВМРО ДПМНЕ зошто не поддржуваат Програмите за урбанистичко планирање, програмата за градежно земјиште, а велат дека нема развој во Општина Валандово.Како очекуваат да има развој кога не се гласаат проргамите за развој. Рече дека доколку позицијата немаше уште еден советник, програмите немаше да поминат и со тоа ќе го бркаме стопанството,ќе нема капитални проекти и младите же се иселуваат.

Немаше други пријавено за дискусија, па точката беше ставена на гласање и изгласана со 8 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 6 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 10

По Предлог – Програма за изградба, реконструкција и одржување на локалните водоводи и фекални канализации во Општина Валандово во 2024 година образложение даде Ѓоко Аврамски.

Беше отворена расправа.

За збор се јави Аспарух Москов. Ја поздрави одлуката за изградба на колекторски систем за фекална канализација, но рече дека не ги гледа обврските на ЈП Комунален сервис кои имаат обврски со каптажа. Рече дека 6 месеци собираат средства по населените места, а само ја хлорираат водата и ништо друго. Рече дека на улицата Младинска во Јосифово, при изградната на улицата оштетена е канализацијата во должина од 100 метри и луѓето имаат проблем, отпадната вода им се враќа назад.

Градоначалникот зема збор. Рече дека на дневен ред сега е Програма за изградба, реконструкција и одржување на локалните водоводи и фекални канализации во Општина Валандово, додека подоцна ќе биде Програмата за работа на ЈП Комунален сервис и за неа ќе биде присутен директорот на ЈП да даде образложение.

Немаше други пријавено за дискусија, па точката беше ставена на гласање и изгласана со 8 гласа ЗА 0 ПРОТИВ и 6 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 11

По Предлог – Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Валандово во 2024 година во 2024 година образложение даде Ѓоко Аврамски.

Немаше пријавено за дискусија па точката беше ставена на гласање и изгласана со 8 гласа ЗА 0 ПРОТИВ и 6 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 12

По Предлог - Програма за одржување на јавната чистота во Општина Валандово за 2024 година беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и истата беше ставена на гласање и изгласана со 8 гласа ЗА 0 ПРОТИВ и 6 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 13

По Предлог - Програма за контрола на популацијата на бездомни кучиња на подрачјето на Општина Валандово за 2024 година беше отворена расправа.

За збор се јави Јулија Тушевска.Рече дека за минатата година се издвојуваа 200 000 денари за оваа намена, а сега се издвојуваат 250 000 денари. Дали овие средства ќе бидат доволни за справување на проблемот со бездомните кучиња.

Градоначалникот рече дека последната јавна набавка ја доби фирма од Струмица и истата започнаа со успешно заловување на кучиња, но неговиот став е уште дека треба да се најде системско решение.

Немаше други за дискусија па точката беше ставена на гласање и изгласана со 8 гласа ЗА 0 ПРОТИВ и 6 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 14

По Предлог - Програма за активности на Општина Валандово во областа на културата во 2024 година немаше пријавено за дискусија па точката беше ставена на гласање и изгласана со 8 гласа ЗА 0 ПРОТИВ и 6 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 15

По Предлог - Програма за активности на Општина Валандово во областа на социјалната заштита и заштитата на децата во 2024 година немаше пријавено за дискусија па точката беше ставена на гласање и изгласана со 8 гласа ЗА 0 ПРОТИВ и 6 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 16

По Предлог -Програма за млади на Општина Валандово за 2024 година немаше пријавено за дискусија па точката беше ставена на гласање и изгласана со 13 гласа ЗА 0 ПРОТИВ и 1 ВОЗДРЖАН.

ТОЧКА 17

По Предлог – Програмата за спорт на Општина Валандово за 2024 година беше отворена расправа. Никој не се јави за збор и истата беше ставена на гласање и изгласана со 14 гласа ЗА.

ТОЧКА 18

По Предлог - Програма за одбележување на значајни дати, настани и личности од поблиското и подалечното минато на македонскиот народ и општината во 2024 година беше ставена на гласање и изгласана со 14 гласа ЗА.

ТОЧКА 19

По Предлог - Програма за изградба и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Валандово за 2024 година беше отворена расправа.

За збор се јави Аспарух Москов. Тој изјави дека членовите на Комисијата за јавно осветлување не биле навреме известени и не ја добиле навреме Програмата за јавно

осветлување и поради тоа не се одржа Комисија. Бара одговор од тие што се одговорни за тоа .Исто така предложи да се разреши претседателот на Комисијата за јавно осветлување поради тоа што не доаѓа веќе на 3 седници по ред.За Програмата рече дека истата се повторува веќе 3 години и сеуште не е остварено ништо од тоа, само на хартија. Како пример ја зема улицата Вардарска која беше ставена како приоритет во 2022 година, а сеуште не е осветлена. Исто така рече дека 3 години по ред бара од градоначалникот да се превземе мерка за раскрсницата на Удово со регионалниот пат која не е осветлена, а граѓаните истата ја користат за пешачење. Идат многу возила и може да дојде до несреќа. Се осветлуваат патеки и други небитни нешта, а тоа што е најбитно не се осветлува.Рече дека не знае како тој ќе дојдете во Удово за гласови .

Претседателот на Совет Владимир Марков даде објаснување на првиот дел од дискусијата. За Комисијата за јавно осветлување и рече дека сите членови се известени во петокот за закажаната Комисија за вторник. Навистина дел од членовите неколку пати не присуствуваа на седниците и затоа во наредениот период истите ќе бидат заменети. На тие што беа присутни им беше презентирана Програмата, но немаше кворум да се донесе истата.

Аспарух Москов се јави за реплика. Рече дека не е точно дека членовите на Комисијата се известени навреме. Славе Станиславовски и тој, рече дека се известени ден пред Комисијата, додека Програмата им е дадена на самата Комисија.

Градоначалникот се јави за контрареплика. Рече дека ќе се проверат сите наоди за свикување на Комисијата и доколку има неправилности ќе се реагира.Членовите кои не доаѓаат ќе бидат заменети на наредната седница.За осветлувањето на раскрсницата рече дека бидејќи се работи за регионален пат, а осветлувањето на тој дел е под ингеренција на ЈП Државни патишта. Општината поднесе барање да го превземе тој дел за да го осветли и тоа ќе се направи во наредниот период. Инаку рече дека не само што ги поврзува двете населби на Удово, туку тоа е фрекфентен пат и го користат граѓаните на Давидово, Миравци и Гевгелија. Рече дека ова е конструктивна забелешка.

Аспарух Москов повторно се јави со контрареплика. Рече дека едаш добил порака од градоначалникот дека осветлувањето е уклучено, но тоа траело 3 дена и истото повторно е исклучено. Праша дали Општината нема средства да постави 4 столба и сама да го осветли., или се чека тоа да го направи во наредниот мандат.

Градоначалникот се јави повторно за контрареплика. Рече дека еднаш е реагирано кај ЈП Државни патишта за тој дел да се осветли, но поради енергетската криза и рестрикциите повторно го исклучија. Затоа сега Општина Валандово започна постапка за да добие дозвола за да управува со осветлување.Има дел од Пирава кон Бојмија што е под ингеренција на јавното претпријатие, но тие таму немаа воопшто поставено осветлување и Општината го постави осветлувањето. И замоли да не се меша Советот со избори и гласање.

Немаше други пријавено за дискусија па беше ставена на гласање и изгласана со 8 гласа ЗА 4 ПРОТИВ и 2 ВОЗДРЖАНИ.

Градоначалникот се јави процедурално.Тој ја појасни постапката за носење на Програмата за јавно осветлување. Рече дека истата се изготвува од Комисијата и се доставува на Советот да ги утврди приоритетите, бидејќи секогаш во целост, поради некои причини не може да се исполни. И забележа дека советникот Аспарух Москов реагира дека улицата Вардарска не е осветлена, а Програмата во коај е зацртано како приоритет не ја гласа.

ТОЧКА 20

По Предлог – Програма за активностите на Општина Валандово во областа на еднаквите можности на жените и мажите за 2024 година образложение имаше координаторот за еднакви можности во Општина Валандово Емилија Заева Костова.

Беше отворена расправа. Никој не се јави за збор и точката беше ставена на гласање и изгласана со со 8 гласа ЗА 0 ПРОТИВ и 6 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 21

По Предлог - Програма за работа на ТППЕ Валандово за 2024 година образложение имаше командирот на полициската станица Горан Дилберов.

Немаше пријавено за дискусија па точката беше ставена на гласање и изгласана со 14 гласа ЗА.

ТОЧКА 22

По Предлог - Програма за работа и развој на Јавното претпријатије ,,Комунален сервис" Валандово за 2024 година образложение даде Глигорије Џилвиџиев.

Немаше пријавено за дискусија, па Програмата за работа и развој на ЈП ,,Комунален сервис,, за 2024 година беше ставена на гласање и беше изгласана со 11 гласа ЗА и 3 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 23

По Предлог – Одлука за пренесување на вршењето на комуналната дејност собирање и транспортирање на комуналниот отпад во населените места Казандол, Калково, Башибос и Кочули, Општина Валандово на ЈП „Комунален сервис" Валандово немаше пријавено за дискусија. Беше ставена на гласање и беше изгласана со 13 гласа ЗА.

ТОЧКА 24

По Предлог – Правилник за начинот на функционирање, наградите, надоместоците и другите трошоци на "Фолк Фест" Валандово 2024 година немаше пријавено за дискусија, па беше ставена на гласање и беше изгласана со 13 гласа ЗА.

ТОЧКА 25

По Предлог – Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општина Валандово за деновите 05-ти, 06-ти и 07-ми јануари 2024 година за 2 часа никој не се јави за збор и истата беше ставена на гласање и изгласана со 13 гласа ЗА 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 26

По Предлог - Програма за изведување на екскурзии и други слободни активности во ООУ „Страшо Пинџур" с.Јосифово, Валандово за учебната 2023/2024 година никој не се јави за збор и истата беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 14 гласа ЗА.

Со тоа беше исцрпен дневниот ред и седницата беше заклучена.

Записничар<br>С.Х.Јовановиќ

Совет на Општина Валандово<br>Претседател<br>Владимир Марков